РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-2
11.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Министерство за култура и туризам на РС Македонија**

**Предмет:** Препраќање претставка за постапување по Ваша надлежност

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелно медиумски услуги Ве известува дека од страна на лицето Петар Стојановски на 29.01.2026 година беше доставена претставка по електронски пат, во која се изнесени сомнежи за незаконито постапување на Здружението за заштита на авторски музички права (ЗАМП).

Во претставката се наведува дека постои основан сомнеж за систематска манипулација со распределбата на авторските надоместоци (тантиеми) и злоупотреба.

Поради тоа што Агенцијата нема законски надлежности за вршење надзор над работата на организациите за колективно управување со авторски и сродни права, Ви ја доставуваме оваа претставка на Ваше понатамошно постапување согласно Вашите надлежности.

Со почит,

Прилог: (1)
Претсавка за манипулација со авторските надоместоци и судир на интереси во ЗАМП (наш бр.03-2 од 29.01.2026 година).

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

---------------------------------------------------
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.01.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 2 | | |

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Thursday, January 29, 2026 9:18 AM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Претставка за манипулација со авторски надоместоци и судир на интереси во ЗАМП]

Со проверени докази во рамки на музичката соработка, постои основан сомнеж за системска манипулација со распределба на авторски надоместоци (тантиеми) и злоупотреба на влијание поврзана со следните лица:

1. Фотинула Паскова – лице без формална функција во ЗАМП, кое врши влијание врз распределбата на тантиеми и авторски надоместоци, примајќи средства во готовина, без фискален основ и без реално авторство.

2. Слаѓана Ивановиќ – вработена во ЗАМП со непосредно влијание врз одлуки на ЗАМП и автори, учествува во фаворизирање на одредени песни и изведувачи, создавајќи затворен круг со лични релации.
Додека крати на останати автори тантиеми, доколку не ги прифатат нејзините приватни услови.

Постојат индиции дека преку нивна заедничка координација:

Се КРАТАТ средства на автори, според нивна приватна желба,

Се врши фаворизирање на прво именуваната за тантиеми и едни исти автори за да добијат поголем дел средства од регуларно заслуженото,

Се манипулира со пријавување авторство и распределба на надоместоци,

Се исплаќаат средства на лица кои реално не се автори или не учествувале во создавањето на делата,

Се користат фиктивни улоги (текстописец, соработник) како формален изговор за исплати.

Постојат индиции дека одредени лица примаат средства во готовина, без транспарентна евиденција и без соодветна правна основа, што упатува на можни финансиски злоупотреби и прикривање на реални корисници на авторски надоместоци.

- Се напоменува дека за истите лица Слаѓана Ивановиќ и Фотинула Паскова , односно истата мрежа на соработници постои пријава и во врска со државно финансиран фестивал, со идентичен модел на фаворизирање, фиктивни улоги и нетранспарентна распределба на средства.

Се бара:

Итна финансиска и институционална проверка на распределбата на авторски надоместоци.

Интерна ревизија на работењето на сите засегнати сектори.

Проверка за авторства на композиции

(Како примерот со назначена музика на Фотинула Паскова во композицијата "Лудост или грев" во изведба на Руса Андова 2016 - музика која е подарена од друг автор и нејзино присвоено фиктивно авторство).

НЕОПХОДНО:

1. Отстранување на лицето без функција во ЗАМП Фотинула Паскова од влијание врз распределбата.

2. Испитување на влијанието на другото лице Слаѓана Ивановиќ врз органите на ЗАМП. Нејзино санкционирање според Закон.

Основи за правна постапка:

Лице без функција во ЗАМП, Фотинула Паскова :

чл. 358 КЗ – трговија со влијание
чл. 359 КЗ – примање награда за противзаконито влијание
чл. 361 КЗ – злоупотреба на доверба
(се однесува на случаите кога се присвојуваат авторски надоместоци без реално авторство, или се примаат средства на рака).

Вработена која овозможува злоупотреба, Слаѓана Ивановиќ:

чл. 22 КЗ – соизвршителство
чл. 353-в КЗ – поттикнување и помагање

Закон за авторско право и сродни права:
чл. 17-19 – распределба на авторски надоместоци
чл. 22-23 – Тантиеми, неправилно пресметување и распределба

Оваа претставка се поднесува со цел заштита на интегритетот на системот за колективно управување со авторски права и спречување на незаконско распределување на средства.

Со почит

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by MailScanner, and is believed to be clean.